**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од Конститутивната седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 21 јуни 2008 година**

Седницата се одржа во Собранинето на Република Македонија, сала 1, со почеток во 13,37 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше до изборот на претседател на Собранието господинот Стојан Андов, најстар по години пратеник во Собранието на Република Македонија.

**Стојан Андов:** Ве молам повикајте ги сите пратеници да влезат во салата и да ги заземат своите места.

Дами и гопспода пратеници,

Во согласност со одредбите на Деловникот на Собранието на Република Македонија, имам чест да ја отворам Конститутивната седница на Собранието на Република Македонија.

(претседавачот и сите присутни во салата стануваат, а хорот ја исполнува химната на Република Македонија, по што уследи аплауз)

Дами и господа пратеници, почитувани гости,

На седницата поканети се претседателот на Република Македонија, господин Бранко Црвенковски, претседателот и членовите на Владата на Република Македонија, претседателот на Уставниот суд на Република Македонија, поранешниот претседател на Република Македонија господин Киро Глигоров, претседателот на досегашниот состав на Собранието на Република Македонија господин Љубиша Георгиевски, претседателот на Врховниот суд на Република Македонија, претседателот на Судскиот совет на Република Македонија, претседателот на Државната изборна комисија, Јавниот обвинител на Република Македонија, Народниот правобранител, гувернерот на Народната банка на Репблика Македонија, претседателот на Македонската академија на науките и уметностите, Архиепископот Охридски и Македонски, Реисул-Улема на Исламската верска заедница, Скопскиот бискуп и Апостолски Егзарх, проповедникот на Евенгелско-Методистичка црква, Врховниот рабин во Република Македонија, Државниот правобранител на Република Македонија и шефовите на странските дипломатско-конзуларрни мисии акредитирани во Република Македонија.

Дозволете ми во мое и ваше име да ги поздравам присутните гости.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинство од вкупниот број пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

Ви напоменувам дека претседателот на Владта и членовите на Владата кои се избрани за пратеници во Собранието на Република Македонија, гласањето на оваа седница ќе го вршат со кревање на рака, бидејќи системот за електронско гласање не дава можност да се гласа од местата определени за Владата.

Предлагам предлогот на дневниот ред за оваа седница да не се дополнува со други точки.

Предлогот го ставам на гласање

Ве поканувам да гласаме.

Од вкупно 94, за предлогот гласале 93, воздржани нема, против гласал 1 пратеник.

Го молам претседателот на Владата и членовите на Владата кои се избрани за пратеници во Собранието на Република Македонија да се произнесат по предлогот со кревање на рака.

Кој е за предлогот?

Шест за.

Кој е против? (Никој).

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој).

Констатирам дека за гласале 99 пратеници, еден гласал против, нема воздржани.

Констатирам дека предлогот е усвоен.

За денешнава седница го предлагам следниов дневен ред:

1. Избор на претседател и членови на Верификационата комисија на Собранието на Република Македонија.

2. Верификација на мандатите на пратениците во Собранието на Република Македонија.

3. Избор на претседател, заменик на претседателот, членови и нивни заменици на Комисијата за прашања на изборите и именувањата на Собранието на Република Македонија.

4. Избор на претседател на Собранието на Република Македонија.

Предложениот дневен ред го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

За предлогот гласале 94, воздржани нема, против нема.

Ги молам претседателот и членовите на Владата кои се избрани за пратеници во Собранието на Република Македонија да се произнесат по предложениот дневен ред со кревање на рака.

Кој е за предлогот молам да крене рака?

Шест се за.

Дали е некој против? (Никој).

Дали е некој воздржан? (Никој).

Констатирам дека за предлогот гласале шест пратеници, нема воздржани и нема против.

Вкупно гласале 100 пратеници, за предлогот гласале 100 пратеници, против нема, воздржани нема.

Констатирам дека е усвоен предложениот дневен ред.

**Минуваме на точката 1 - Избор на претседател и членови на Верификационата комисија на Собранието на Република Македонија**

Според член 11 од Деловникот на Собранието, Верификационата комисија се состои од претседател и четири членови, а ја избира Собранието по Предлог на претседавачот.

За претседател на Верификационата комисија ја предлагам пратеничката Светлана Јакимовска, а за членови на Комисијата пратениците Владимир Ѓорчев, Цветанка Иванова, Блерим Беџети и Имер Алиу.

Отворам претрес по предлогот.

Молам, дали некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот.

Предлогот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

За предлогот гласале 90 пратеници, воздржани гласале 2 пратеници, 1 пратеник е против.

Ги молам претседателот и членовите на Владата кои се избрани за пратеници во Собранието на Република Македонија да се произнесат околу предлогот со кревање на рака.

Кој е за, молам да крене рака?

Шест пратеници гласале за.

Дали е некој против? (Никој).

Дали е некој воздржан? (Никој).

Констатирам дека нема против и нема воздржан.

Вкупно гласаа за 96 пратеници, против гласаше еден пратеник и два пратеници гласаа воздржано.

Констатирам дека за претседател на Верификационата комисија е избрана Светлана Јакимовска, а за членови на Комисијата се избрани пратениците Владимир Ѓорчев, Цветанка Иванова, Блерим Беџети и Имер Алиу.

Го молам претседателот на Верификационата комисија веднаш да свика седница на која ќе го разгледа Извештајот на Државната изборна комисија и на Собранието ќе му поднесе извештај со предлог за верификација на мандатите на пратениците.

Седницата на Комисијата ќе се одржи во салата на Комисијата за уставни прашања.

Ја прекинувам седницата на Собранието за да може Верификационата комисија да одржи седница и да го подготви извештајот.

Седницата ќе продолжи на знак на ѕвоното.

(Седницата прекина во 13,49 часот)

(По паузата седницата продолжи со работа во 15,22 часот)

**Стојан Андов:** Ги молам пратениците да влезат во салата и да седнат на своите места.

Продолжуваме со работа по точката 2.

**Минуваме на точка 2 - Верификација на мандатите на пратениците во Собранието на Република Македонија**

Извештајот на Верификационата комисија ви е поделен.

Отворам претрес по Извештајот на Верификационата комисија.

Има збор претседателот на Верификационата комисија.

**Светлана Јакимоска:** Благодарам господине претседавач.

Верификационата комисија на Собранието на Република Македонија на седницата одржана на 21 јуни 2008 година го разгледа Извештајот на Државната изборна комисија за спроведените предвремени избори за пратеници во Собранието на Република Македонија во 2008 година, број 10-1648/1 од 20 јуни 2008 година како и Известувањето од Државната изборна комисија број 10-1722/1 од 21 јуни 2008 година со кое се вршат измени и кои се составен дел од Извештајот на Државната изборна комисија за спроведените предвремени избори за пратеници на Собранието на Република Македонија и врз основа на член 12 од Деловникот на Собранието на Република Македонија го поднесува следниот извештај:

Воведно образложение по Извештајот на Државната изборна комисија даде претседателот на Државната изборна комисија господинот Јован Јосифовски.

Разгледувајќи го Извештајот на Државната изборна комисија за спроведените предвремени избори за пратеници во Собранието на Република Македонија во 2008 година, Верификационата комисија на Собранието на Република Македонија утврди дека:

1. Предвремените избори за пратеници во Собранието на Република Македонија се спроведени согласно Решението за распишување на предвремени избори за пратеници во Собранието на Република Македонија број 08-1818/1 од 12 април 2008 година, донесено од претседателот на Собранието на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" број 49/2008 година), а врз основа на одредбите од Уставот на Република Македонија и Изборниот законик.

2. Предвремените избори за пратеници во Собранието на Република Македонија, одржани на 1 јуни 2008 година и повторувањето на гласањето за 187 гласачки места, оддржано на 15 јуни 2008 година, ги спроведоа Државната изборна комисија, општинските изборни комисии и избирачките одбори.

3. Согласно член 4 став 2 од Изборниот законик, во Собранието на Република Македонија се избираат 120 пратеници според пропорционалниот модел, при што територијата на Република Македонија е поделена на шест изборни единици во кои се избираат по 20 пратеници.

4. Верификационата комисија расправајќи по поднесената писмена изјава заведена под бр.072252/1 од 19.06.2008 година од страна на господинот Зоран Заев како кандидат за пратеник и носител на листа во изборната единица 4 од СОНЦЕ - КОАЛИЦИЈА ЗА ЕВРОПА со која изјавува дека не прифаќа да му биде верификуван мандатот за пратеник во

Собранието поради неспојливост на функцијата градоначалник на општина со функцијата пратеник и истата ја прифати.

5. Врз основа на резултатите од предвремените избори за пратеници во изборните единици содржани во Извештајот на Државната изборна комисија, како и прифатената изјава на господин Зоран Заев, Верификационата комисија констатира дека за пратеници во Собранието на Република Македонија се избрани:

1. Радмила Шекеринска,
2. Ристо Пенов,
3. Ѓорѓи Оровчанец,
4. Горан Мисовски,
5. Андреј Петров,
6. Имер Сељмани,
7. Блерим Беџети,
8. Ермира Мехмети,
9. Никола Груевски,
10. Лилјана Поповска,
11. Трајко Вељаноски,
12. Борислав Стојменов,
13. Светлана Јакимовска,
14. Веле Ѓорѓиевски,
15. Косана Николиќ Мазнева,
16. Александар Спасеновски,
17. Ивица Георгиевски,
18. Горан Ѓуровски,
19. Трајко Славески,
20. Петар Поп Арсов
21. Благородна Дулиќ,
22. Иван Стоилковиќ,
23. Амди Бајрам,
24. Владанка Авировиќ,
25. Оливер Шамбевски,
26. Зоран Петрески,
27. Марија Андоновска,
28. Авдија Пепиќ,
29. Васе Доневски
30. Абедин Зумбери,
31. Фљора Кадриу,
32. Јован Манасијевски,
33. Горан Минчев,
34. Славица Грковска,
35. Џемаиљ Јашари,
36. Сафет Незири,
37. Зумрете Јакупи,
38. Хајрула Мисини,
39. Тито Петковски,
40. Марјанчо Николов,
41. Маринела Тушева,
42. Андреј Жерновски,
43. Миле Андонов,
44. Станка Анастасова,
45. Владимир Ѓорчев,
46. Љубисав Иванов Ѕинго;
47. Надица Танчева-Тулиева;
48. Илија Димовски,
49. Ванчо Коцев,
50. Јаготка Ивановска,
51. Неждет Мустафа,
52. Ратко Димитровски,
53. Нада Станчевска;
54. Горан Петров,
55. Миле Пачемски,
56. Оливера Трајановска,
57. Цветан Трифуновски,
58. Марјанчо Колевски,
59. Владо Бучковски,
60. Цветанка Иванова,
61. Никола Ќуркчиев,
62. Соња Марковска,
63. Горан Сугарески,
64. Роза Топузова-Каревска,
65. Зоран Ставрески,
66. Силвана Бонева,
67. Павле Трајанов,
68. Миле Јанакиески,
69. Оливер Деркоски,
70. Соња Ѓелова-Стојанова,
71. Јован Гинев,
72. Јован Лазарев,
73. Катерина Димеска,
74. Васко Шутаров,
75. Томе Даневски,
76. Весела Честоева,
77. Панче Дамески,
78. Фазли Велиу,
79. Тахир Хани,
80. Јани Макрадули,
81. Весна Бендевска,
82. Томе Чинговски,
83. Стојан Андов,
84. Менде Диневски,
85. Фијат Цаноски,
86. Арбен Џафери,
87. Антонијо Милошоски,
88. Зоран Коњановски,
89. Анита Кипаризовска-Крстеска,
90. Александар Николоски,
91. Илија Китаноски,
92. Анета Стефановска,
93. Цветко Грозданов,
94. Никола Котевски,

95. Цена Матевска,
96. Живко Пејковски,
97. Крсто Мукоски,
98. Мендух Тачи,
99. Бесим Догани,
100. Мерал Узеири-Ферати,
101. Имер Алиу,
102. Сулејман Рушити,
103. Садије Илјази,
104. Игор Ивановски,
105. Гордана Јанкулоска,
106. Кенан Хасипи,
107. Дарко Димитриески,
108. Али Ахмети;
109. Теута Арифи,
110. Рафис Алити,
111. Талат Џафери,
112. Џеват Адеми,
113. Љиндита Ќазими и
114. Аднан Јашари.

Врз основа на Извештајот на Државната изборна комисија, Комисијата констатира дека нема основ за оспорување на верификацијата на мандатите на 114-те пратеници од овој Извештај.

Врз основа на изнесеното, а согласно член 12 од Деловникот на Собранието на Република Македонија, Верификационата комисија му предлага на Собранието на Република Македонија да ги верифицира мандатите на избраните пратеници во Собранието на Република Македонија. Благодарам.

**Стојан Андов:** Благодарам.

Дали уште некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Го ставам на гласање Извештајот и Предлогот на Верификационата комисија.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 89 пратеници, сите гласале за, нема воздржани, нема против.

Ги молам претседателот и членовите на Владата кои се избрани за пратеници во Собранието на Република Македонија да се произнесат по Предлогот со кревање на рака.

Кој е за?(Шест).

Дали е некој против? Не.

Некој воздржан? Не.

Констатирам дека за гласале 6 пратеници, нема против, нема воздржани.

Вкупно гласале 95 пратеници за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека Извештајот и Предлогот на Верификационата комисија се усвоени и дека со тоа е извршена верификација на мандатите на 114 пратеници во Собранието на Република Македонија.

Со оглед на тоа што на претседателот на Владата на Република Македонија и на одреден број на членови на Владата денеска им е верифициран мандатот за пратеници согласно член 8 став 1 од Изборниот законик им престануваaат функциите во Владата на Република Македонија.

Заради обезбедување континуитет во работата на Владата на Република Македонија според член 93 став 5 од Уставот на Република Македонија , Владата останува на должност до изборот на нова Владата на Република Македонија.

На пратениците кои се носители на други функции кои според член 8 од Изборниот законик се неспојливи со функцијата пратеник им претстанува функцијата.

**Минуваме на точка 3 - Избор на претседател, заменик на претседателот, членови и нивни заменици на Комисијата за прашања на изборите и именувањата на Собранието на Република Македонија**

Согласно член 19 од Деловникот на Собранието на Република Македонија, Собранието на Конститутивната седница по Предлогот на најмалку 10 пратеници избира Комисија за прашања на изборите и именувањата, која ја сочинуваат претседател, заменик на претседателот, 12 членови и нивни заменици.

Група од 11 пратеници, поднесе Предлог за избор на претседател, заменик на претседателот, 12 членови и нивни заменици на Комисијата за прашања на изборите и именувањата, во кој е обезбедена соодветна застапеност од политичките партии.

Предлогот за состав на Комисијата за прашања на изборите и именувањата, ве е поделен.

Отворам претрес по предлогот за избор на претседател, заменик на претседателот, членови и нивни заменици на Комисијата за прашања на изборите и именувањата на Собранието на Република Македонија.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

За гласале 91 пратеник, воздржани нема, против нема.

Ги молам, претседателот и членовите на Владата кои се избрани за пратеници во Собранието на Република Македонија да се произнесат по Предлогот со кревање на рака.

Кој е за предлогот, молам да крене рака? Шест.

Дали е некој против, не.

Воздржани нема.

Вкупно гласаа 97 пратеници, од тоа 97 гласале за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека за претседател, заменик претседателот, членови и нивни заменици на

Комсијата за прашања на изборите и именувањата на Собранието на Република Македонија се избрани предложените кандидати.

Според Деловникот на Собранието на Република Македонија, кандидат за претседател на Собранието предлага Комисијата за прашања на изборите и именувањата.

Кандидат за претседател на Собранието можат да предложат и најмалку 20 пратеници. Ист пратеник може да биде предлагач само на еден кандидат за претседател на Собранието.

Го молам претседателот на Комисијата за прашања на изборите и именувањата да свика седница на која Комисијата треба да утврди кандидат за претседател на Собранието на Република Македонија, бидејќи друг предлог од 20 предлагачи нема.

Седницата на Комисијата ќе се одржи во салата на Комисијата за уставни прашања.

Ја прекинувам седницата за да може Комисијата за прашање на изборите и имaнувањата да одржи седница и да му предложи на Собранието кандидат за претседател на Собранието на Република Македонија.

Седницата ќе продолжи на знак на ѕвоното.

(Пауза од 15,38 часот)

(По паузата)

Молам, сите пратеници да влезат во салата, да седнат на своите места за да можеме да продолжиме.

Молам, пратениците да си седнат на своите места, материјалот се дели и веќе е скоро поделен.

Дозволете ми да не остане незабележано овде, жалам што по еден ваков повод кога бираме претседател на Собранието, пратениците од една пратеничка група не се во салата. Дозволете ми во мое име ја изразувам својата загриженост и ги молам да се приклучат во работата на Собранието.

**Минуваме на точка 4 - Избор на претседател на Собранието на Република Македонија.**

Предлогот на Комисијата за прашања на изборите и именувањата за кандидат за претседател на Собранието на Република Македонија, ви е поделен.

Предлогот за избор на претседател на Собранието на Република Македонија ќе го образложи претседателот на Комисијата за прашања на изборите и именувањата Илија Димовски.

Има збор претседателот на Комисијата Илија Димовски.

**Илија Димовски:** Ви благодарам.

Почитувани пратеници, почитувани гости, ми претставува особено задоволство и чест во име на Комисијата за прашања на изборите и именувањата, да ви ја соопштам нашата одлука.

Врз основа на член 21 став 1 од Деловникот на Собранието на Република Македонија за прашања на изборите и именувањата на Собранието на Република Македонија, поднесуваме предлог за претседател на Собранието на Република Македонија го предлагаме Трајко Вељаноски, пратеник во Собранието на Република Македонија.

Накратко би сакал да дадам обрзложение. Пратеникот Трајко Вељаноски е роден 2 ноември 1962 година во Скопје. Пратеникот Трајко Вељаноски е дипломиран правник со положен правосуден испит. Дипломирал на Универзитетот “Св. Кирил и Методиј” на Правниот факултет во Скопје во 1987 година. Пратеникот Трајко Вељаноски има богато работно искуство како правник. Работел како адвокат, бил државен секретар во Министерството за правда, потсекретар во Министерството за правда и државен советник во Владата на Република Македонија.

Покрај ова, пратеникот Трајко Вељаноски има и богато политичко искуство. Бил заменик министер во Министерството за правда, при што учествувал во изготвување на предлози на закони, учествувал во собраниски седници и во преговарање за склучување на меѓудржавни договори.

Во 1998 година бил заменик член на Државната изборна комисија, а во 1999 година е избран за член на оваа Комисија. Во 2001 година бил член на Управниот одбор на Центарот за европски интеграции, а од 2002 до 2003 година бил член и на Комисијата за претставки и предлози на претседателот на Република Македонија.

Исто така, во рамките на политичката партија ВМРО-ДПМНЕ, на која е член од 1993 година остварувал голем број на значајни активности и членувал во повеќе комисии, како што се Комисијата за правни работи, за политички систем, а бил и претседател на форумот за правни политички прашања и судски систем.

Во периодот од јули 2006 до април 2008 година бил пратеник во Собранието на Република Македонија, при што бил претседател на Комисијата за прашања на изборите и именувањата, како и член и заменик член на повеќе работни тела во Собранието на Република Македонија.

Комисијата оцени дека пратеникот Трајко Вељаноски успешно ќе ја извршува функцијата претседател на Собранието на Република Македонија. Ви благодарам.

**Стојан Андов:** Отворам претрес по предлогот за избор на претседател на Собранието.

Молам, кој бара збор?

Има збор господинот Рафис Алити.

**Рафис Алити:** Почитуван претседавач, почитувани колеги пратеници.

Во мое лично име и во име на парламентарната група на ДУИ ви посакувам успешна работа, четиригодишна успешна работа. Ние како парламентарна група ќе ја подржиме предложената кандидатура, затоа што цениме

дека на нашата земја и се потребни функционални институции, потребни и се комплетни институции и институции со целосен легитимитет, кој што ќе биде произлезен од последните парламентарни избори, изборите од 2008 година. Сметаме дека моментите во кои што се наоѓа нашата земја е во интерес на сите граѓани на Република Македонија да имаме Парламент кој што ќе биде функционален, Парламент во кој што ќе се почитува Уставот, законите, посебно Деловникот за работа на Собранието. Така што, на идниот претседател му пожелуваме успех во оваа насока и ние ќе му дадеме наша целосна поддршка. Ви благодарам.

**Стојан Андов:** Благодарам.

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејки никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Согласно член 67 став 1 од Уставот на Република Македонија и член 24 став 1 од Деловникот, Собранието од редот на пратениците избира претседател на Собранието со мнозинство гласови од фкупниот број пратеници во Собранието.

Преминуваме на гласање.

Предлогот пратеникот Трајко Вељаноски да биде избран за претседател на Собранието на Република Македонија, го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

За предлогот гласале 73 пратеници, против никој, а 19 пратеници се воздржале.

Ги молам претседателот и членовите на Владата кои се избрани за пратеници во Собранието на Република Македонија, да се произнесат по предлогот со кревање на рака.

Кој е за предлогот, молам, да крене рака? (6).

Дали е некој против? (Не).

Дали некој се воздржува од гласање? (Не).

Констатирам дека од оваа тура на гласање 6 пратеници се само за, нема против и нема воздржани.

Вкупно гласаа 98 пратеници, од тоа 79 за, 19 воздржани и никој против.

Констатирам дека Трајко Вељаноски е избран за претседател на Собранието на Република Македонија.

(Аплауз)

Дами и господа пратеници, почитувани гости, дозволете ми во ваше и во мое име на господинот Трајко Вељаноски да му го честитам изборот за претседател на Собранието на Република Македонија и да му посакам успех во работата.

(Аплауз).

Го молам претседателот на Собранието да даде свечена изјава.

Ве молам станете сите.

Го молам претседателот на Собранието да го повторува текстот по мене на свечената изјава.

“Изјавувам дека функцијата претседател на Собранието на Република Македонија”.

**Трајко Вељаноски:** “Изјавувам дека функцијата претседател на Собранието на Република Македонија”.

**Стојан Андов**:”ќе ја вршам совесно и одговорно и ќе го почитувам Уставот и законите на Република Македонија”.

**Трајко Вељаноски:**”ќе ја вршам совесно и одговорно и ќе го почитувам Уставот и законите на Република Македонија”.

**Стојан Андов:** Го молам претседателот на Собранието да ја потпише свечената изјава.

Седнете.

(Претседателот на Собранието Трајко Вељаноски ја потпишува свечената изјава).

Го молам претседателот на Собранието да го заземе своето место.

**Трајко Вељаноски:** Почитувани претставници на државниот врв, почитувани претставници на средствата за јавно информирање, ваши екселенции, драги колеги пратеници, дами и господа.

Во историјата на народите и државите секогаш имало мигови на слава и напредок, кои на долг рок ја одредувале судбината на заедницата, која силно верувала во идеите на колективниот прогрес, реформите и преродбата кон подобро.

Република Македонија во изминатите две десетолетија имаше мигови кои ги полнеа срцата на граѓаните, но и помалку среќни моменти. И во едниот и во другиот случај почетокот и крајот на се беше иднината на нашата татковина. Во радоста ја наоѓавме силата како да чекориме уште похрабро кон успехот, а во тагата пак ја црпевме енергијата од која требаше да се вообличи нашата македонска гордост. Заеднички ја градевме историјата и иднината, верувавме во себе и својот народ, веруваме во Македонија. Низ сите искушенија, низ сите предизвици со кои се соочуваше нашата држава во овие две децении дојдовме до оваа фаза на демократијата, до шестиот состав на парламентот, обезбеден преку предвремени избори. Дојдовме до моментот кога се очекува многу.

Ви благодарам на сите за довербата која ми ја искажавте денес, со која ми укажавте голема чест, но и ми доверивте многу тешка задача. Денес седнувам овде како прв меѓу еднаквите, со надеж дека Собранието ќе успееме да го направиме институција каква што заслужува да биде. Институција за почит, ефикасна и ефективна, која работи во корист на граѓаните. Институција за почит која сите граѓани ќе ја доживуваат како своја и блиска дури, која целата своја енергија ќе ја троши во изнаоѓање на најдобри законски решенија за проблемите со кои се соочуваат нашите граѓани, а не во бесцелни, понекогаш апсурдни дискусии, кои немаат вистински бенефит за граѓаните на нашата држава.

Јас знам дека сите ние заедно ќе го направиме македонското Собрание вистински храм на

македонската демократија. Ќе биде извор на квалитетни дискусии и носител на голем број закони, кои ќе треба да го подобрат животот на граѓаните на Република Македонија.

Ова Собрание нема само како сенка да ја следи работата на Владата и да ги корегира, дополнува или редефенира нејзините проекти во квалитативна смисла, туку и ќе продуцира и создава. Ова Собрание ќе биде наша гордост и јас со сиот мој авторитет ќе се борам заедно со сите вас да успееме во таа намера. Ние сме тука за граѓаните на Република Македонија, во нивна функција и ќе работиме за нив.

Овој дом ќе покаже дека да се биде пратеник не е привилегија, туку одговорност. Да се биде пратеник не е функција, туку обврска. И кога за 4 години од сега ќе застанеме и ќе погледнеме наназад, ќе видиме години полни со работа, со труд, со волја и посветеност. Години во кои сме ја граделе иднината на Република Македонија, години посветени на приоритетите на нашите граѓани. Години посветени на реформи, на ЕУ и НАТО интеграцијата. Години посветени на подобар живот, години посветени на Македонија.

Јас со моето работење ќе се трудам да направам баланс помеѓу политичките сили. Ќе бидам на станата на правото и правдата, на страната на Деловникот и Уставот, на страната на интересите на Република Македонија. Квалитетната работа на Собранието ќе биде моја обврска. Еднаквиот третман на пратениците ќе биде моја заложба, интересите на Република Македонија ќе бидат моја цел.

Она што јас можам да ви го ветам е тешка и напорна работа, со цел да одговориме на историскиот предизвик и на периодот во кој се наоѓа земјава. Убеден сум дека сите ќе го следите тој напор.

На крајот дозволете ми да се заблагодарам на досегашниот претседател Љубиша Георгиевски за енергијата и посветеноста со која ја вршеше функцијата претседател на Собранието.

Дозволете ми да ја искажам мојата увереност дека личниот печат кој го остави овде, без разлика на сите обиди за дискредитација, ќе биде добро запаметен и уважуван.

Ви благодарам.

(Аплауз).

Бидејки дневниот ред е исцрпен, ја заклучувам конститутивната седница на Собранието на Република Македонија.

Ви благодарам.

(Седницата заврши со работа во 16,30 часот)